Бр. 12-2744/2
22-11-2019 год.

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава за корупција од подносителот --------- --------------- од С-----, на 24-та седница одржана на ден 15 ноември 2019 година донесе

**Одлука**

Пријавата за корупција бр. 12-2744/1 од 17.05.2019 година, доставена од подносителот --------- --------------- од С-----, **СЕ ОТФРЛА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно надлежно постапување по предметот со број 12-2744 од 2019 година.

Предметот со број 12-2744 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-2744 од 2019 година е оформен врз основа на пријава бр. 12-2744/1 од 13.05.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од подносителот --------- --------------- од С-----.

Во пријавата се содржани наводи за сомневања за повреда на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и Изборниот законик, против Секретарот на Општина Карпош за незаконито спроведување на дисциплинска постапка против вработен во Општината во време на изборниот процес и во изборна кампања на Претседателските и Локалните избори 2019 година. Станува збор за дисциплинска постапка за сторен дисциплински престап водена против подносителот на пријавата, кој бил вработен како државен службеник во Општината, а која била покрената на предлог поднесен на ден 23.01.2019 година од страна на неговиот претпоставен раководител, заради неизвршување, несовесно, ненавремено и небрежно вршење на работните задачи. Воедно, подносителот на пријавата бара Државната комисија да донесе решение за поништување на предметната постапка и да и се наложи на општината да ги поништи сите донесени акти во истата.

При разгледувањето на содржината на пријавата, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека во конкретниот случај постапката за сторен дисциплински престап која започнала по предлог за нејзино покренување од 18.02.2019 година, била ставена во мирување за време на изборниот процес и во изборната кампања на Претседателските и Локалните избори 2019 година, а решението по истата било


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

донесено на ден 15.05.2019 година – по завршувањето на изборите и донесениот Заклучок на Државната изборна комисија 11.05.2019 година дека со објавата на конечните резултати од изборите, завршени се Претседателските избори 2019 година.

Со оглед на погоре констатираното, Државната комисија утврди дека предметните наводи не се основани, од страна на Општина Карпош во предметниот случај било постапено во согласност со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и Изборниот законик, по што оцени дека Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за свое натамошно надлежно постапување во конкретниот случај.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на ден 15 ноември 2019 година под бр. 12- 2774/2**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk